


КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО 20

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

## СЕПТЕМВРИ 2025

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

И во текот на изминатиот месец, светските берзи го продолжија растот прекршувајќи го она верување за септември како историски слаб месец за пазарите. За овој раст придонес имаа: олабавувањето на монетарната политика во САД, стабилната инфлација, потсмирените геополитички тензии и добрите корпоративни резултати на компаниите. Глобалниот индекс MSCI ACWI овој септември забележа позитивен перформанс со раст од 4,30%, а истиот тренд го задржаа и останатите регионални берзански индекси. Најголем принос оствари MSCI Emerging Market индексот кој ги опфаќа компаниите од брзорастечките економии. Дополнително, сите овие индекси бележат и високи приноси следено од почетокот на 2025 година. Сепак, значаен ефект врз приносот на домашните инвеститори има движењето на девизниот курсmUSD/EUR (со исклучок на европските акции), кој може да се види во последниот графички приказ за девизниот пазар.




MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Македонскиот берзански индекс МБИ 10 забележа пад од 1,05%, но следено од почетокот на годината го задржа позитивниот принос од 1,43%. Овој раст е целосно поткрепен од исклучително високите приноси на само три компании: Макпетрол (26,09%), Македонијатурист (20,71%) и Македонски Телеком (10,00%). Во исто време, повеќето од останатите компании во структурата на индексот, вклучувајќи ги Алкалоид, Гранит, Реплек, Стопанска банка и ТТК Банка, имаат послаби или негативни резултати од почетокот на годината.




*Извор: Блумберг*


**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Приносите на државните обврзниците забележаа мали промени водени главно од локалните услови, оставајќи ја големата слика непроменета, а побарувачката за обврзници како побезбеден инструмент за инвестирање остана силна. Сепак, продолжува чувствителноста на пазарите кон макроекономските и геополитичките сигнали. На крајот од месецот, највисок принос од анализираните обврзници има британската обврзница кој изнесува 4,70%, додека најмала стапка на принос има швајцарската обврзница, кој изнесува 0,22%.



**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**

*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03.10.2028.**




*Извор: Блумберг*


ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ



Во септември, движењата на девизниот пазар беа обележани со пад на поголем дел од светските валути во однос на еврото, при што руската рубља ослабна најмногу за 1,90%. Единствени од прикажаните кои остварија мало позитивно движење беа австралискиот долар и швајцарскиот франк. Во текот на целата 2025 година, руската рубља се издвојува со најголемо зајакнување од 21,18% во однос на еврото, додека во исто време на спротивната страна се наоѓаат американскиот долар и кинескиот јуан со значително ослабнување на вредноста. Клучни двигатели и понатаму се очекувањата во врска со монетарната и царинската политика, како и променливата геополитичка клима.

## Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




*Извор: Блумберг*

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

Лектор: Каролина Накова

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk